# ЕКОНОМСКА ИМПАКТ АНАЛИЗА НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА ОСНОВНИ МЕТАЛИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Стопанска комора на Македонија

Автори:
д-р Дарко Лазаров
д-р Митко Кочовски

Во рамките на студијата земени се најголемите компаниите во индустријата за основни метали, членки на Здружението на металургијата во рамките на Стопанска Комора на Македонија:

**Производство на челик и негова примарна преработка**

- Макстил а.д Скопје
- Арцелор Митал а.д Скопје
- Дојран стил а.д Дојран

**Производство на феролегури**

- Југохром а.д Јегуновце
- Фени индустри а.д Кавадарци
- Скопски легури а.д Скопје

**Леарска дејност**

- РЖ Институт а.д Скопје
- Железник а.д Демир Хисар
- МЗТ Леарници а.д Скопје

**Примарна преработка на метали**

- Факом а.д Скопје
- ИГМ Трејд Кавадарци
- ФЗЦ “11 Октомври” а.д Куманово

**Производство на обоени метали**

- Бучим а.д - Радовиш

# Вкупен економски импакт = директен + индиректен + индуциран




**Директните ефекти** го мерат влијанието на производство и економските активности што индустријата ги генерира во економијата преку придонесот во БДП, учеството во извозот, платите на вработените, даноците, корпоративно - општествената одговорност.

**Индиректниот импакт** се однесува на мултипликативните ефекти што индустријата ги генерира преку каналите на дистрибуција (компаниите кои се јавуваат како снабдувачи).

**Индуцираниот импакт** го квантифицира ефектот од порастот на финалната потрошувачката иницирана од зголемениот доход на домаќинствата и сопствениците на капиталот во индустријата и во ланецот на снадбувачи.

## Економска импакт анализа на индустријата за основни метали во РМ

Економската импакт анализа обезбедува методолошки фундирана квантификација на важноста и улогата на индустријата за основни метали во РМ преку користење на стандардни индикатори за економската активност како што се **БДП, извоз, вработеност, плати, даноци:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| БДП и Извоз | Вработеност | Плати и други бенифиции | Даноци |

# Директни ефекти на индустријата за основни метали во РМ

## 1) Брутот додадена вредност и БДП







Со бруто додадена вредност од **18.413** и **6.095 милиони денари**, релативното директно учество на индустријата за основни метали во БДП како основни метали во БДП како индикатор кој го мери *нето* директниот ефект на оваа индустрија во креирањето на БДП изнесува **5.73%** и **1.36%** во 2007 и 2014 година, респективно.

Релативното учеството во целата индустријата е значително поголема и изнесува **33.54%** и **7.56%** во 2007 и 2014 година, респективно.

# 2) Извозот







Со вредност од **51.905** и **29.766 милиони денари** релативното директно учество на извозот на индустријата за основни метали во вкупниот националниот извоз на РМ изнесува **31.55%** и **13%** во 2007 и 2014 година, респективно.

Дополнително, ако се земе предвид извозот на компаниите во метало-преработувачката индустрија кои не се дел од оваа студијата, тогаш учеството во вкупниот извоз би било поголемо.

.

Графичка презентација на структурата на националниот извоз базирана на материјалните добра.



## 3) Вработеност и платите

Третиот значаен директен импакт се однесува на работните места што компаниите во рамките на индустријата за основни метали ги креираат во економијата.

Во 2007 година, просечниот број на вработени според пресметаните работни часови ангажирани во компаниите што се дел од студијата како што беше наведено изнесува **6277 работници** во однос на вкупниот број на вработени во целата преработувачка индустрија кој во истиот период изнесува **184.928 работници** (или во релативен износ приближно **3.5%**) и просечната месечна нето плата во металургијата која изнесува околу **17.000 денари** е поголема компарирани со просечната месечна плата во целата преработувачка индустрија која изнесува околу **15.000 денари**.

## 4) Даноци и корпоративно – општествена одговорност

Компаниите во рамките на индустријата за основни метали во форма на *персонален данок на доход и корпоративен данок на добивка* има исплатено кон државата вкупно **2.060 милиони денари** и **730 милиони денари** во 2007 и 2014 година, респективно. Дополнително во форма на *придонеси за социјално и пензиско осигурување, придонеси за бенифициран стаж и други бизнис такси* кон државните институции и фондови има исплатено **373 милиони денари** и **609 милиони денари** во 2007 и 2014 година, респективно.

Во релативен однос, даноци, придонеситеи јавните давачки што компаниите по различни основи ги плаќаат кон државата во однос со вкупните даночни приходи и придонеси на државата изнесуваат **2.48%** и **1%** во 2007 и 2014 година, респективно.

# Мултипликативни ефекти

| Мултипликатор | Дир. | Индир. | Индуцирани | Вкупно | Тип I* | Тип II* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Аутпут | 1.00 | 0.41 | 0.92 | 2.33 | 1.41 | 2.33 |
| Факторски доход на трудот | 0.03 | 0.20 | 0.30 | 0.53 | 7.66 | 17.6 |
| Вработеност | 1.00 | 2.27 | 0.83 | 4.10 | 2.27 | 4.10 |
| Додадена вредност | 0.31 | 0.24 | 0.75 | 1.30 | 1.77 | 4.19 |
| **Вработеност или даноци по милион денари на вкупен аутпут** | | | | | | |
| Вработеност | 8.82 | | | | | |
| Вкупни даноци | 24,089 | | | | | |

* Кога збирот помеѓу директните и индиректните ефекти ќе се подели со директните

**Кога збирот помеѓу директните, индиректните и индуцираните ефекти ќе се подели директните

*Извор: Пресметка на авторите врз база на податоците од анкетниот прашалник* *компаниите кои се дел од студијата*

# Мултипликативни ефекти кај вработеноста




Многу позначаен е мултипликативниот ефкетот на индустријата за основни метали во генерирање и создавање на работни места во економијата, индиректно (преку ланецот на снабдувачи и преку ефектот на потрошувачката).

Индустријата за основни метали во РМ преку *ланецот на снабдувачи* генерира и поддржува околу **15.107 работни места** и, дополнителни **5.522 вработени** преку *индуцираниот ефект (ефектот на потрошувачка)*, што значи дека вкупниот број на вработени што индустријата *директно или индиректно* ги создава или поддржува во националната економија според извршените пресметки се движи околу **27.271 работни места** и **26.211 работни места** во 2007 и 2014 година, респективно.

# Мултипликативни ефекти кај додадената вредност







Индустријата за основни метали во 2007 и 2014 година дополнително преку *индиректните (ланецот на снабдувачи) и индуцираните (потрошувачките) ефекти* генерира и поттикнува креирање на *дополнителна додадена вредност* во економијата од **58.737 милиони денари** и **19.443 милиони денари**, респективно, што врз основа на ваквите естимации укажува **дека вкупната бруто додадена вредност** што индустријата за основни метали ја генерира во националната економијата, *директно или преку своите мултипликативни ефекти* (индиректни и индуцирани) изнесува **77.150 милиони** и **25.538 милиони денари**.

Ако ваквата анализа за нето ефектот што индустријата за основни метали ја генерира во економијата директно или индиректно, биде квантифициран во релативна димензија како *процентуално учество во* БДП на земјата ќе се заклучи дека оваа индустрија придонесува (директно или индиректно) во националната економија со **24%** и **5.7%**, во 2007 и 2014 година, респективно.

Ова претставува јасен аргумент дека индустријата за основни метали преку своето директно учество, но уште повеќе преку својот индиректен придонес во креирање на БДП е главниот столб и носечки сектор на македонската економија во изминатиот период.

# Проблеми, пречки и ограничувања со кои се соочува индустријата за основни метали во РМ

- Деловна бизнис клима
- Третманот кон домашните компании и посебно кон индустријата за основни метали
- Инфраструктура (енергетика и транспорт)
- Финансиски сектор (ограничен пристап до финансии)

## Анализа на развојниот потенцијал на индустријата за основни метали

Основна цел на анализата за развојниот потенцијал на индустријата за основни метали ќе биде проценка на можностите, капацитетот и развојниот потенцијал што оваа индустрија ги поседува гледано низ призмата на:

- идните проекции за светската побарувачка и ценовните тенденции на производите од оваа индустрија,
- успешно спроведување на процес на производна диверзификација и градење компаративни предности во производство и извоз на производи со повисок степен на финализација.



node size (world trade [thousands of US$])
1.9x10^8
8.4x10^7
3.7x10^7
1.7x10^7
7.5x10^6
3.3x10^6
1.5x10^6
6.6x10^5
3.0x10^5
1.3x10^5
link color (proximity)
ϕ <0.4
ϕ >0.4
ϕ >0.55
ϕ >0.65
node color (Leamer Classification)
Chemicals
Machinery
Capital Intensive
Labor Intensive
Cereals
Animal Agriculture
Tropical Agriculture
Forest Products
Raw Materials
Petroleum
oil
fishing
cereals
tropical agriculture
forest products
mining
garments
vehicles/machinery
metallurgy
electronics
textiles
animal agriculture
chemicals

Ви благодарими на вашето внимание!